## УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ

### На заштитените жигови (бренд) за производи со заштитено географско потекло и производи со трговската нарка „БЕЛАСИЦА - планински производ“

Другите шумски производи од Беласица (самоникнати растителни видови, диви некултивирани растенија и бобинки, недрвни шумски производи), како природни производи и нивните преработки може да се означат со етикети кои носат заштитени жигови.

Носител на правото за користење (сопственик) на заштитените жигови со кои се означуваат производи за промет во трговската мрежа во земјата, е Општина Струмица.

Стандардите со кои се регулира користењето се пропишани во **Елаборати за заштитен географски назив,** и се регистрирани со државен жиг ГН 3/2019 за костен, ГН 4/2019 за боровинка и ГН 5/2019 за вргањ, од страна на Државниот завод за индустриска сопственост.

**(дел од етикети за означување на производи со заштитен географски назив)**




Стандардите со кои се регулира користењето на заштитена трговска марка се пропишани со **Правилник за користење на сертификатна трговска марка „Беласица планински производ“** на Општина Струмица.

БЕЛАСИЦА
ПЛАНИНСКИ ПРОИЗВОД

Заштитената трговска марка можат да ја носат 15 вида други шумски производи и нивни преработки, наведени во следната листа.

| | **Народно име** | **Латинско име** | **Дел кој се собира** | **Проценка род 2019 во кгр.** | **Количина за одржливо користење во кгр.** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Костен | CASTANEA SATIVA | Плод | 150.000 | 100.000 |
| 2. | Липа | TILIA CORDATA | Цвет | 5.000 | 1.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Дренка | CORNUS MAS | Плод | 5.000 | 2.000 |
| 4. | Бозел | SAMBUCUS NIGRA | Цвет | 1.000 | 1.000 |
| 5. | Лешник | CORYLLUS AVELLANA | Плод | 3.000 | 1.000 |
| 6. | Капина | RUBUS FRUTICOSUS | Плод | 5.000 | 2.000 |
| 7. | Трнинка | PRUNUS SPINOSA | Плод | 3.000 | 500 |
| 8. | Боровинка | VACCINIUM MYRTILLUS | Плод | 80.000 | 80.000 |
| 9. | Ајдучка трева | ACHILLEA MILLEFOLIUM | Цвет | 5.000 | 3.000 |
| 10. | Планински чај | ORIGANUM VULGARE | Херба | 2.000 | 1.000 |
| 11. | Мајчина душичка | THYMUS SPP. | Херба | 3.000 | 1.000 |
| 12. | Кантарион | HIPERICUM PERFORATUM | Цвет | 2.000 | 1.000 |
| 13. | Шумска јагода | FRAGARIA VESCA | Плод | 1.000 | 250 |
| 14. | Врган | Boletus edulis Bull | Пл. тело | 5.000 | 2.000 |
| 15. | Лисичарка | Cantharellus cibarius | Пл. тело | 2.000 | 500 |

Наведените количини за одржливо користење во килограми собрани други шумски производи не смее да ја надмине количината пропишана за користење во 2019 година. По барање на регистрираните корисници, таа може да се зголеми во наредната година.

Другите шумски производи и нивни преработки подразбираат производи групирани во следните категории:

1) Преработки од шумски овошја и печурки :
   - Сушени шумски овошја и бобинки (плодови) , печурки,
   - Компоти , слатка и џемови
   - Конзервирани печурки
2) Чаеви од шумски билки, цветови и лисја,
3) Свежи шумски овошја и билки,
4) Пијалоци и овошни сокови од шумски производи.

Постапката за регистрирање на субјектите за стекнување на правото за користење на заштитените ознаки на крајни производи од други шумски производи ја спроведува Општина Струмица.

Како подносител на правото на користење на производи означени со географски назив и сертификатна марка „Беласица планински производ“ може да биде секое здружение на граѓани и секое правно лице, со седиште и производни капацитети на територија на Општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

Контролата над исполнување на пропишаните правила за користење на заштитените марки и жигови, ја спроведува Комисија формирана од страна на Општината.

**За сите дополнителни информации побарајте го Томислав Андреев од Општина Струмица на тел: 075/395-914.**